# СПЕЦИФИЧНИ ДЕСКРИПТОРИ

согласно Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

Студиска програма: **Турски јазик и книжевност – Наставна насока**

Циклус на квалификации: I циклус, 240 ЕКТС, VI A

| Тип на дескриптор | Опис |
|---|---|
| Знаење и разбирање | Покажува способност за усно и писмено изразување на турски јазик. Покажува знаење и разбирање на различни јазични структури и форми во турскиот јазик. Поседува теоретско знаење и разбирање од областа на фонетиката, морфологијата, синтаксата, лексикологијата и фразеологијата на современиот турски јазик. Поседува компетенции од областа на книжевната теорија, различните периоди, раличните струи и различните литературни жанрови во турската книжевност. Демонстрира теоретско знаење од областа планирање на наставата по турски јазик и книжевност, организирање наставен час и оценување на напредокот на учениците. |
| Примена на знаењето и разбирањето | Покажува писмена и усна комуникативна компетенција на турски јазик преку правилна употреба на различни граматички структури, форми и конструкции. Демонстрира способност за препознавање на различните турски дијалекти и говори. Покажува способност за за жанровско препознавање и анализа на различни литературни текстови на литературно-теориско и јазично ниво. Покажува способност за примена на општите елементи на наставниот процес и способност за планирање, анализирање и вреднување на наставната работа. |
| Способност за проценка | Покажува способност за собирање, оценување и анализирање на информации поврзани со наставниот процес и нивна интерпретација и презентација. Донесува логички заклучоци во планирањето и изведувањето на наставата по турски јазик и книжевност водејќи сметка за научните и етичките аспекти. Поседува способност за анализирање и донесување соодветни заклучоци поврзани со училишното развојно планирање. |
| Комуникациски вештини | Може при комуникацијата да поврзува идеи, проблеми и решенија од различни сегменти на наставниот процес. Поседува способност за негување заемен однос на наставникот со учениците што се базира на почит и разбирање. Иницира форми на организирана соработка со родителите на учениците. Аргументирано образложуваат ставови пред стручната и нестручната јавност. |
| Вештини на  учење | Демонстрираат способност за успешно автономно учење и примена на сознанијата во наставата по турски јазик и книжевност. Поседува способност за идентификување на потребата за стекнување нови знаења. Развива љубопитност кон науката за јазикот, книжевноста, методиката и преведувањето и ја подига својата свесност за процесите на учење. Покажува способност за успешно автономно учење и примена на сознанијата во наставата по турски јазик, книжевност, култура и цивилизација. |